**20241702958**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ И ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 август 2024 година.

Бр. 08-4034/1
13 август 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО ПАТНИОТ И ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 92/2007, 161/2009, 127/10, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 288/21) низ целиот текст на законот зборовите: „министерот за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „министерот за транспорт“, а зборовите: „Министерството за транспорт и врски“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.